ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Ул: “М.М.Брицо“ бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521 факс: 033/411 550
www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 5
28.04.2009 година

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба

Гласникот е бесплатен

Уредува

Сектор за правни и општи работи
и ЛЕР

Април 2009

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување акти од Првата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во “Сл.гласник на Општина Делчево актите на Советот на Општина Делчево коишто советот на Општина Делчево ги донесе на Првата седница одржана на 27.04.2009 година и тоа:

1. Одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања;

2. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на ОпШтина Делчево;

3. Одлука за избор на претседател на Советот на Општина Делчево.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Делчево”.

**Број 08-222/1**
**28.04.2009**
**Д е л ч е в о**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Делчево, а согласно член 4 и член 122 од Деловникот на Советот на ОпШтина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Прва (конститутивна) седница, одржана на ден 27.04. 2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на претседател и членови**
**на Комисијата за верификација, мандатни прашања,**
**избори и именувања**

Член 1

За членови на Комисијата за верификација, мандатни праШања, избори и именувања се избираат:

1.Митко Антовски, претседател

2.Елизабета Тасевска член

3.Светлана ГеорЃиевска, член

4.Тони ѓорЃиевски, член

5. Горан Георгиевски, член

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 219/1**
**27.04.2009 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Тонкица Петровска, с.р.**

Врз основа на член 10 од Статутот на Општина Делчево ("Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), а во врска со Известувањето на Општинската изборна комисија, како и врз основа на поднесениот Извештај од Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата Прва (конститутивна) седница, одржана на 27.04.20009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за верификација на мандатите на членовите**
**на Советот на Општина Делчево**

Член 1

Се верифицираат мандатите на членовите на Советот на Општина Делчево избрани на Локалните избори одржани на 22. март и на 5.април 2009 година и тоа:

1.Митко Антовски
2.Горан Георгиевски
3.Слободанчо Димитровски
4.Светлана Ѓорѓиевска
5.Снежана Ѓорѓиевска
6.Тони Ѓорѓиевски
7.Игор Јовановски
8.Љупчо Петровски
9.Тонкица Петровска
10.Зоран Станоевски
11.Ванчо Стојмирски
12.Мира Стојчевска
13.Елизабета Тасевска
14.Николче Трајановски
15.Тони Трајановски

Член 2

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 220/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.04. 2009 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тонкица Петровска, с. р.**

Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 19 став 1 од Статутот на Општина Делчево и член 34 од Деловникот на Советот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Прва (конститутивна) седница одржана на ден 27.04.2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на претседател**
**на Советот на Општина Делчево**

Член 1

За претседател на Советот на Општина Делчево се избира ***ТОНИ ТРАЈАНОВСКИ*** од Делчево.

Член 2

Мандатот на претседателот на Советот трае 4 (четири) години.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 221/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.04.2009 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тонкица Петровска, с.р.**